# ГАРСКИ

Изложба на слики на

# ТАНЕ АТАНАСОВСКИ — ГАРСКИ

по повод 15-годишен јубилеј
од ликовното творештво и
Х-самостојна изложба

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА — КУМАНОВО
12-IV- — 30-IV-1973



*ТАНЕ АТАНАСОВСКИ — ГАРСКИ, роден 1938 во село Гари (Дебарско), завршил школа за применета уметност во класата на Лазар Личеновски 1958 и Педагошка академија во Скопје 1964.*

*САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1962 во Куманово*

*1964 во Куманово*

*1966 во Куманово*

*1969 во Куманово*

*1970 во Битола*

*1970 во Пула*

*1972 во Скопје*

*1972 во Лесковац*

*1972 во Врање*

*ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:*

*На изложбите на ДЛУК од 1958 година во Куманово, Штип, Т. Велес, Сомбор, Охрид, Лесковац, на изложбите на ДЛУМ во Скопје од 1968, „Моето сакано дело“ во Скопје, 1970, „Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници“ во Скопје 1971/72, „Млада генерација II“ во МСУ — Скопје и Битола 1972. Со сликарската колонија „Копашница 1972“ излагал во Лесковац и Белград. Со IX сликарска струмичка колонија во Струмица 1972.*

*НАГРАДИ:*

*Ноемвриска награда за сликарство на градот Куманово за 1969 година, годишна награда на ДЛУК за 1970 и 1972 год.*

*Адреса:*
*Киро Антевски бр. 10*
*Куманово*

## ЕДНО ЧУВСТВО НА ВЕРТИКАЛНОСТА

Палетата на сликарот Тане Гарски од Куманово, во последните претставувања, ни открива еден нов сензибилитет на неговата сликарска еволкација. Гамата максимално ја ангажира да ја потенцира тенденцијата за нуркање до внатрешните релјефи на организмот.

Циклусот „ПРЕСЕЦИ" е зафат од таков карактер.

Експонатите на тој круг се живо и сугестивно откривање на органскиот свет.

Расположението на потегот, во еден интензивен циноберски валер, не не води кон пренагласување, туку кон тактилно напластување на бојата.

Дијапазонот на рационалниот тоналитет ја подвлекува основната изразна фактура во симболичното фиксирање на внатрешните, антрополошките сфери на битието.

Определување за асоцијативна конфигурација на просторите на органиката на човековата природа, го доловува тежнението за експонирање на механиката на нашата внатрешност од самата граница на фигуративниот израз.

Сепак, доживувањето се осветлува чисто, а се надградува свежо и динамично, па композицијата не се поведува од реалноста на формите на градежот, туку се анализира, преточува и пресоздава што насочува кон симболичните толкувања.

Динамиката во потенцирањето и откривањето на таквите мотиви, не воведува во драматиката на пулсирањата на стварноста во анатомската обвивка. Таа пак треба да се отвори и одгатне со рафинманот на гледачот, за да се извлечат вонанатомските суштности на чиновите на оплодувањето како ингениозен феномен на траењето, во раѓањето како најуниверзална природна манифестација на животот и распаѓањето како логика на трансформацијата на материјалниот свет.

Гарски со рефлексивен акцент ги вреднува сите тие теченија во нашата внатрешна вегетација.

Со енергичен и вивисекциски потег тој ги истражува длабочините и внатрешните простори на револтот и на виталноста во нејзините судбински димензии.

Тоа е кунстот во градењето на ликовниот однос на сликарот во проктирањето на кохезионите објекти на неговото гледање однатре.

Постигнатото е доволно само за себе. Одраз е на истражувачка чистота, трудољубивост и вертикално изразување.

Звонко СТОЈАНОВИЌ



ЗАЧЕТОК





ОПЛОДУВАЊЕ

УСТАЛЕНИ ФОРМИ

# К А Т А Л О Г

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | *Спирален завршеток* | 121 x 144 | — 1972 |
| 2. | *Свет* | 121 x 144 | — „ |
| 3. | *Освета* | 121 x 144 | — „ |
| 4. | *Пресек XXI* | 80 x 100 | — „ |
| 5. | *Отсекогаш исто така* | 90 x 100 | — „ |
| 6. | *Траги* | 80 x 100 | — „ |
| 7. | *Немир* | 80 x 100 | — „ |
| 8. | *Усталени форми* | 100 x 100 | — „ |
| 9. | *Распаѓање* | 80 x 100 | — „ |
| 10. | *Остатоци* | 80 x 100 | — „ |
| 11. | *Вриеж* | 80 x 100 | — „ |
| 12. | *Оплодување* | 120 x 150 | — „ |
| 13. | *Игра* | 100 x 100 | — „ |
| 14. | *Пресек* | 100 x 100 | — „ |
| 15. | *Композиција* | 100 x 100 | — „ |
| 16. | *Радост* | 100 x 110 | — „ |
| 17. | *Игра на месецот* | 100 x 110 | — „ |
| 18. | *Продор* | 40 x 30 | — „ |
| 19. | *Слободна игра* | 40 x 50 | — „ |
| 20. | *Спирални форми* | 40 x 50 | — „ |
| 21. | *Возбуда* | 50 x 40 | — „ |
| 22. | *Растројство* | 50 x 40 | — „ |
| 23. | *Белези на времето* | 40 x 50 | — „ |
| 24. | *Секојдневно* | 40 x 50 | — „ |
| 25. | *Кореничи* | 40 x 50 | — „ |
| 26. | *Пресек XXVII* | 50 x 40 | — 1972 |
| 27. | *Оформување* | 50 x 40 | — „ |
| 28. | *Поттик* | 50 x 60 | — „ |
| 29. | *Зелени диптихон* | 240 x 121 | — 1973 |
| 30. | *Црвени диптихон* | 242 x 121 | — „ |
| 31. | *Зачеток* | 121 x 144 | — „ |
| 32. | *Излив* | 121 x 144 | — „ |
| 33. | *Слика во зелено* | 100 x 80 | — „ |
| 34. | *Заплет* | 80 x 100 | — „ |
| 35. | *Непознат мотив* | 80 x 100 | — „ |
| 36. | *Пресек XXXV* | 80 x 100 | — „ |
| 37. | *Во знак на потковица* | 80 x 100 | — „ |
| 38. | *Анализа* | 80 x 100 | — „ |
| 39. | *Едно расположение* | 100 x 100 | — „ |
| 40. | *Сеќавање* | 100 x 100 | — „ |
| 41. | *Инцијал* | 100 x 100 | — „ |
| 42. | *Судбина* | 100 x 100 | — „ |
| 43. | *Бранувања* | 50 x 60 | — „ |
| 44. | *Игра во црвено* | 60 x 50 | — „ |
| 45. | *Усталени форми* | 40 x 50 | — „ |
| 46. | *Движење* | 40 x 50 | — „ |
| 47. | *Сенки* | 40 x 50 | — „ |
| 48. | *Патување* | 40 x 50 | — „ |
| 49. | *Простор* | 50 x 40 | — „ |
| 50. | *Сина придружба* | 80 x 100 | — „ |

20

20